# „Аллах пропишал обврски – затоа не ги занемарувајте. Поставил граници – затоа не ги преминувајте. Забранил одредени работи – затоа не ги прекршувајте. А за одредени нешта премолчал од милост кон вас, а не од заборав – затоа не распрашувајте за нив.“

Ебу Салебе ел-Хушени Џурсум бин Нашир, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллах пропишал обврски – затоа не ги занемарувајте. Поставил граници – затоа не ги преминувајте. Забранил одредени работи – затоа не ги прекршувајте. А за одредени нешта премолчал од милост кон вас, а не од заборав – затоа не распрашувајте за нив.“
[قال النووي: حديث حسن] [رواه الدارقطني في سننه وغيره]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известува дека Аллах пропишал одредени нешта и наредил обврски – затоа придржувајте се кон нив и не занемарувајте ги, ниту со оставање, ниту од небрежност. Поставил граници и предупредувања кои ве чуваат и одвраќаат од она што Тој не го сака – затоа не преминувајте ги одредбите што ги пропишал шеријатот. Забранил одредени работи – затоа не правете ги и не приближувајте им се. А сè друго, освен тоа, Аллах го оставил и го премолчал од милост кон Неговите робови – па тоа останува во основа дозволено, затоа не истражувајте и не распрашувајте за него.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66510